**20241332316**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 67 став (7) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21) министерот за финансии, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМОТ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за системот на наградување на царински службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/15 и 194/16), членот 5 се менува и гласи:

„ Јубилејната награда се доделува во вид на паричен износ изразен како процент од просечната нето плата во Републиката исплатена во претходната година, на вработен во Царинската управа, и тоа:

- за 10 години непрекината работа во Царинската управа - 50% од просечната нето плата;
- за 20 години непрекината работа во Царинската управа - 100% од просечната нето плата;
- за 30 години непрекината работа во Царинската управа - 150% од просечната нето плата и
- за 40 години непрекината работа во Царинската управа - 200% од просечната нето плата.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 23-2613/6
17 јуни 2024 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Fatmir Besimi,** с.р.